Уп. Бр. 08-22/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од  друштвото **ДОЛИТ ИНВЕСТМЕНТС А.Д. ОСНОВАНО ОД ЕДНО ЛИЦЕ**, со седиште на Булевар Пентелис бр. 103, Чаландри, 152 34, Атики, Грција преку  Адвокатско друштво Георги Димитров Адвокати Скопје, на седницата одржана на ден **22.02.2023** година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото **ДОЛИТ ИНВЕСТМЕНТС А.Д. ОСНОВАНО ОД ЕДНО ЛИЦЕ (DOLIT INVESTMENTS SINGLE MEMBER S.A.)**, со седиште на Булевар Пентелис бр. 103, Чаландри, 152 34, Атики, Грција ќе стекне самостојна директна контрола врз **ПАВЛИДИС А.Д. МЕРМЕР - ГРАНИТ (PAVLIDIS S.A. MARBLE – GRANITE)**, со седиште во Индустриска зона Драма, поштенски код 66100, Грција, по пат на стекнување на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица  значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 24.01.2023 година,а дополнето на 06.02.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна **ДОЛИТ ИНВЕСТМЕНТС А.Д. ОСНОВАНО ОД ЕДНО ЛИЦЕ (DOLIT INVESTMENTS SINGLE MEMBER S.A.)**, со седиште на Булевар Пентелис бр. 103, Чаландри, 152 34, Атики, Грција, со која **ДОЛИТ ИНВЕСТМЕНТС А.Д.** има намера да стекне самостојна директна контрола

врз **ПАВЛИДИС А.Д. МЕРМЕР - ГРАНИТ**, со седиште во Индустриска зона Драма, поштенски код 66100, Грција, по пат на стекнување на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ДОЛИТ ИНВЕСТМЕНТС А.Д.** е друштво регистрирано во Хеленската Република (Грција), чија основна дејност е инвестирање во мали и средни трговски друштва кои дејствуваат во секторот на природните ресурси, енергетиката и минералните суровини. ДОЛИТ ИНВЕСТМЕНТС А.Д е дел од ЕЦМ Групацијата, каде како владејачко (холдинг) друштво се јавува друштвото ЕЦМ Партнерс Инц. (ECM Partners Inc), друштво регистрирано во согласност со законите на Република Словенија, кое се занимава со инвестициски менаџмент, управување со фондови и управување со инвестициски ризици, и е еден од првите и најголемите учесници на овој пазар на територијата на Централна и Југоисточна Европа.

Стекнувачот пред реализацијата на Трансакцијата не е директно ниту индиректно присутен на македонскиот пазар.

**ПАВЛИДИС А.Д. МЕРМЕР - ГРАНИТ** е формирано како холдинг друштво чиишто друштва ќерки се фокусирани на деловни акитвности од областа на минералните суровини. Целното друштво, односно друштвата од неговата групација, се занимаваат со експлоатација, производство и продажба на мермер (доминантно бел), гранит и кварц. Помал дел од дејноста на Целното друштво како Групација во последните години опфаќа деловни активности поврзани со обновливи извори на енергија.

Целното друштво е присутно на македонскиот пазар преку зависното друштво = Акционерско друштво за производство, преработка, трговија и монтажа на украсен камен МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп, со седиште на ул. Леце Котески бр. 60А во Прилеп и ЕМБС 4058615. Приоритетната дејност на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп е 08.11 – Вадење на декоративен камен и камен за градежништво, варовник, суров гипс, креда и шкрилци, а друштвото во суштина се занимава со експлоатација, производство и продажба на мермер и производи од мермер.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од

Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**